РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-4
20.02.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

**До:**

**Предмет: Одговор на Претставка**

Почитуван

Ви благодариме за Претставката (арх. бр. УПП 03/4 од 18.02.2026 г.) во која поставувате повеќе прашања за Телевизија Кобра и реагирате на објава, претпоставуваме на нивната Фејсбук страница.

Во овој контекст, сакаме да Ве информираме за следново:

- ТРД Телевизија КОБРА ДОО Радовиш има дозвола за телевизиско емитување на регионално ниво (D4-Боскија) преку оператор на јавна електронска комуникациска мрежа, која е со важност до 19.08.2027 година;
- Според програмскиот концепт кој е составен дел на дозволата за емитување, Телевизијата е сервис со претежно забавен општ формат, кој подразбира дека над 50%, а помалку од 65% од емитуваните содржини на неделно ниво треба да исполнуваат забавна медиумска функција;
- Со последните административни надзори врз телевизијата реализирани на 4 септември и на 16 декември 2025 година, беше констатирано дека ТВ Кобра ги исполнува минималните кадровски услови за вршење на дејноста утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување;
- Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги медиумите се целосно самостојни и независни при создавањето на програмите и креирањето на уредувачката политика;
- Агенцијата како регулатор може да реагира само доколку се повредуваат законски пропишаните обврски од страна на Телевизијата, но нема надлежности над Фејсбук страниците на телевизиите;
- Содржината до која водеше линкот од Фејсбук страница што ни го испративте во Вашиот допис, беше недостапна веднаш кога пристигна претставката, и не можевме да видиме за што станува збор. Меѓутоа, од досегашното искуство, содржините објавени на Фејсбук страниците на телевизиите, генерално не се идентични со објавеното на телевизиските програми.

- Доколку во иднина имате забелешки за програмата на ТВ Кобра, Ве молиме да доставите повеќе податоци – на која содржина се однесува претставката и датум и период на емитување.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги

Директор

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ